Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 6**

**26.04.2021**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на ОДЛУКА за одобрување на под-проектот локален пат Р29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на под-проектот локален пат Р29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција, донесена на 50-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 419/1 Општина Демир Хисар
26.04.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), а во врска со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година), Советот на Општина Демир Хисар на својата педесетта седница одржана на ден 22.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување на под-проектот локален пат Р29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува под-проектот локален пат Р29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција.

Член 2

Под-проектот ќе се имплементира со финансиски средства во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Број 17-381/3 Претседател на Совет на
22 Април 2021 година Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на ОДЛУКА за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање**

**на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година, донесена на 50-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 419/2 Општина Демир Хисар
26.04.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 43 став 1 точка 43 и член 71 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на својата педесетта седница одржана на ден 22.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар да го потпише Договорот за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Демир Хисар, да го потпише Договорот за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година меѓу Општина Демир Хисар и Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

Број 17-381/4 Претседател на Совет на
22 Април 2021 година Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**

**за објавување на ОДЛУКА за давање на согласност за менување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2021 година на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање на согласност за менување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2021 година на Општина Демир Хисар, донесена на 50-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 419/3 Општина Демир Хисар
26.04.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/18, и Службен весник на РСМ 143/2019, 14/2020“), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 22.04.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

За давање на согласност за менувањеи дополнувањена Годишниот план за вработување за 2021 година на Општина Демир Хисар

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за менување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2021 година на Општина Демир Хисар.

Член 2

Годишниот план од член 1 се менува и дополнува со Годишниот план за вработување – измени и дополнување на Општина Демир Хисар со архивски број 13-252/4од 19.04.2021година, изготвен од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, кој влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за информатичко опшество и администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за вработување и BalancER – calculator кои се пропишани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на позитивно мислење.

Бр. 17-381/5 **Совет на Општина Демир Хисар**
22.04.2021 година **Претседател**
Демир Хисар **Благоја Станојовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**

**за објавување на ОДЛУКА за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар, донесена на 50-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 419/4 Општина Демир Хисар
26.04.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), член 67 точка 6 од Законот за заштита на децата (’’Сл.весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18, како и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19) Советот на општина Демир Хисар на седницата на одржана на 22.04.2021 година донесе

ОДЛУКА

за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар

член 1

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.

Член2

Врз основа на Известувањето од ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за распоредот на работното време во детската градинка бр.03-36/1 од 08.04.2021 година, работното време е регулирано согласно законските прописи на четириесет часовна работна недела.

Работното време на установата започнува во 4,30, а завршува во 16,30 часот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Демир Хисар’’.

Бр. 17- 381/6 Совет на Општина Демир Хисар
22.04.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на ОДЛУКА за одобрување на финансика помош**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на финансиска помош на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, донесена на 50-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 419/3 Општина Демир Хисар
26.04.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 , член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ, бр. 05/2002) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), а по барање на Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија од Скопје бр.08-236/1 од 02.03.2021 година, Советот на општина Демир Хисар донесува

**О Д Л У К А**
**одобрување на финансиска помош**

1. Со оваа одлука се одобрува финансиска помош на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија од Скопје по предходно доставено барање бр. 08-236/1 од 02.03.2021 година за покривање на дел од трошоците потребни за набавка на потребни хемикалии и опрема за престојните експериментални вежби со учениците за учество на Меѓународна олимпијада по хемија (International Chemistry Olympiad, IChO) кој оваа година ќе се оддржи во Осака Јапонија од 24 јули до 02 Август 2021 година.

2. Советот на општина Демир Хисар одобри финансиската помош во висина од 30.000,оо денари.

3. Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија е организација која подготвува тим за учество на светска олимпијада каде во последните четири години добиени се вкупно 8 брозени медали од кои 5 припаднаа на ученици од Општина Демир Хисар.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 381/7 Совет на Општина Демир Хисар
22.04.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

-------------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлука за одобрување на под-проектот локален пат Р29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција----1
2. Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година--------------------2
3. Одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2021--------------3
4. Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар---------3-4
5.Одлука за финансиска помош на Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија-4

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска б.б**

**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**